# бидејќи никогаш не рече: Господару мој, прости ми ги гревовите на Судниот ден.’“

Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, рекла: ,,Прашав: ,О, Аллахов Пратенику, Ибн Џудан во времето на џахилиетот ги одржуваше роднинските врски и ги хранеше сиромашните. Дали тоа ќе му користи?' Тој одговори: ‘Не, тоа нема да му користи, бидејќи никогаш не рече: Господару мој, прости ми ги гревовите на Судниот ден.’“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува за Абдулах бин Џудан, кој бил еден од првенците на Курејшиите пред исламот. Меѓу неговите добри дела било одржувањето на роднинските врски, доброчинството кон нив, хранењето на сиромашните и други доблести кои исламот ги поттикнува. Сепак, овие дела нема да му користат на ахиретот (идниот свет), бидејќи тој не верувал во Аллах и никогаш не рекол: „Господару мој, прости ми ги гревовите на Судниот ден.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65009

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee